МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 92 став 4 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11 и 95/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОЗВОЛЕНИТЕ РИБОЛОВНИ СРЕДСТВА И НИВНАТА УПОТРЕБА ЗА ВРШЕЊЕ СТОПАНСКИ И РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

**Член 1**

Во Правилникот за дозволените риболовни средства и нивната употреба за вршење стопански и рекреативен риболов ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11) во членот 3 став 1 точка 1 алинеја 2 бројот "35" се заменува со бројот "26".
Во алинејата 3 зборот "пет" се заменува со зборот "десет".
Во алинејата 4 бројот "30" се заменува со бројот "50", а зборот "три" се заменува со зборот "десет".
Во точката 3 бројот "50" се заменува со бројот "200".

**Член 2**

Во членот 4 став 1 алинеја 1 сврзникот "и" на крајот на реченицата се заменува со знакот точка и запирка и се додава нова алинеја 2 која гласи:

"- за лов на пастрмка и белвица на риболовните подрачја и рекреативните зони - блинкер на влечење со најмногу два стапа на пловен објект со врзани најмногу седум блинкери."

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 станува став 2.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08 - 13180/1 | Министер за земјоделство, |
| 12 април 2013 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |